***З А П И С Н И К***
***од 24-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 23.06.2023 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со почеток во 11 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несតороски, Марина Димитријовска и Магдалена Вељановска.

На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутни беа Игор Дамјановски и Александра Трајковска. На седницата присутни беа директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски, вд директорот на ЈП Дехи Транс Демир Хисар Александар Чорбевски, директорката на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар Валентина Димовска, вд директорката на ООУ„ Браќа Миладиновци“ с.Жван Андријана Наумовска, директорката на ООУ „Даме Груев“ с.Смилеви Мирјана Кондинска, директорот на Дом на култура „Илинден“ Славче Велјановски и директорката на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар Андријана Цветкоска.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записиник од 23-ра седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот беше усвоен со 11 „за“
-Усвојување на записник од вонредна седница на Совет одржана на 29.05.2023 година
Записникот беше усвоен со 11 „за“

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за основање на Локален економски социјален совет на Општина Демир Хисар бр.17-530/9 од 15.05.2023 година.
2. Донесување на Одлука за давање согласност за измена на Годишен План за вработување на Општина Демир Хисар за 2023 година.
3. Советнички прашања до градоначалникот на општината.
4. Советнички прашања до директорите на општинските институции.
5. Усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 година.
6. Донесување на решение за разрешување и именување на членови во УО на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.
7. Разгледување на можностите и условите за селекција на отпад (пластика).
8. Давање согласност на Годишен план за вработување на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2024 година.
9. Давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2024 година.
10. Давање согласност на Одлука за воведување на бесплатен превоз на територијата на општина Демир Хисар.
11. Донесување на Одлука за изработка на проектна документација за регулација на дел од речно корито во Сопотница.
12. Донесување на Одлука за изработка на проектна документација за регулација на дел од речно корито во Журче.

13. Донесување на Одлука за изработка на проектна документација за регулација на дел од речно корито во Обедник.
14. Донесување на Одлука за давање на користење просторија сопственост на општина Демир Хисар на ОО „Црвен крст“ Демир Хисар.
15. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа, при тоа предложи измена и дополнување на дневниот ред и тоа точката 6. Давање согласност на измена на годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец“ се повлекува на барање на предлагачот, а на нејзино место се става точка Донесување на Решение за разрешување и именување на членови во УО на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар. Исто така дневниот ред се дополнува со точка 14. Донесување на Одлука за давање на користење просторија сопственост на општина Демир Хисар на ОО „Црвен крст“ Демир Хисар, се врши измена на редоследот на точките, точката Разгледување на можностите и условите за селекција на отпад (пластика) се става како 7 точка. Други измени и дополнувања немаше. Со 11 „за“ беше усвоен Дневниот ред со измените.

Пред да се започне со расправа по точките од дневниот ред советникот Сашо Михајловски побара објаснување од градоначалникот за проблемот со атмосферската вода на улицата 11 Октомври. Градоначалникот Никола Најдовски објасни кога се пристапуваше кон реконструкција на улицата се внимаваше да се заштитат куќите од поплави затоа и се поставија банкините. Состојбата е таква на таа улица при обилни дождови се слева поголемо количество на вода. Се размислуваше и да се насочи во фекалната канализација, но неможи и таа да се оптеретува. Ќе се бара решение, нема потреба од такви реакции по социјалните мрежи, важно ни беше да се заштитени домовите да не се поплавуваат.

***ТОЧКА 1. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за основање на Локален економски социјален совет на Општина Демир Хисар бр.17-530/9 од 15.05.2023 година***

За Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за основање на Локален економски социјален совет на Општина Демир Хисар бр.17-530/9 од 15.05.2023 година објаснување имаше претставникот Игор Дамјановски. Со оваа одлука се изедначува бројот на членови да е еднаков од сите тела кои учествуваа, а бројот останува исто 9 члена. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Одлука за давање согласност за измена на Годишен План за вработување на Општина Демир Хисар за 2023 година***

За Одлуката за давање согласност за измена на Годишен План за вработување на Општина Демир Хисар за 2023 година објаснување имаше Градоначалникот на општината Никола Најдовски. Измените на планот за вработување се бара од повеќе причини, по основ на пензионирање има испразнети работни места кои се треба да се пополнат за нормално функционирање, на тие места има ангажирано лица преку Агенција за привремено вработување, но тоа не е решение треба да се реши статусот на овие лица, седум-осум месеци доаѓаат на работа задоволен сум од нивната работа беспрекорно си ја вршат работата, затоа ги повика сите советници да да дадат подршка на планот за вработување. Секој кој нема да најде егзистенција, размислува да заминува во странство. Овие вработувања се на испразнети работни места по основ на пензионирање. Советничката Сандра Пејковска додаде тоа е природен процес некој заминува во пензија, на негово место се вработува друг, ако некој работи и се покажал како добар работник нема ние да спориме, потоа додаде дека е задоволна од соработката на вработените во администрацијата. Раководителот Игор Дамјановски објасни ова е план за вработување и овде разговараме за работни места неможе да зборува конкретно кои луѓе. После две години работна, секој има право да се унапреди, не можи да се зборува за имиња има луѓе кои ги исполнуваат условите, во правилникот за систематизација има планирано два сектори, досега не се пополнети овие две раководни места, сега се исполнети условите и можи да се пополнат. Потоа додаде секогаш се залага за унапредување на колегите и се трудиме да сме добра и надпартиска администрација. Уште еднаш укажа дека неможе да се зборува за имиња, а потоа го

посочи најголемиот проблем во одделението за урбанизам, во мометот имаме меѓуопштинска соработка, но тоа не е доволно треба лице постојано вработено во општината. Градоначалникот Никола Најдовски додаде во одделението за урбанизам потребно е да се вработи архитект, граѓаните се незадоволни неможат да завршат работа, тоа ни е најслабо кадровки спремно одделение, секако дека вработувањата се на оглас, има право секој да конкурира, но само спомна дека ангажираните лица си ја оправдаа дадената доверба. Во одделението за урбанизам нема ангажирано лице, ако има некој сознание да има некој архитект кој е заинтересиран да се вработи нека се јави таков профил ни е неопходен. Пензионирањата се природен процес, на нивно место се ангажираат други лица, затоа трезвено треба да се размислува, по сопствено убедување и да се даде подршка на планот за непречено функционирање на општината. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката за давање согласност на измената на планот за вработување гласаа 4 „за“ 4 „против“ и 2 „воздржани“.

***ТОЧКА 3. Советнички прашања до градоначалникот на општината***

*Прашања од советник Јордан Кромидаровски*

-Барање од МЗ Смилево за реконструкција на дел од патот и мостот во Смилево

Градоначалникот Никола Најдовски објасни има доставено известување ќе го добиете, потоа додаде ќе се изготвува проектна документација за улици во Белче, реконструкција на улица во Смилево, улица во Жван и локален пат до манастир Св. Никола во Вадино. За барањето за Смилево ќе побараме од Мише Милошевски дополнително мислење.

-во врска со проблемот во одделението за урбанизам за архитект, има едно лице со кое е разговарано можи да се договори средба е заинтересирано со скратено работно време да почни со работа.

Градоначалникот Никола Најдовски ни треба вработен архитект кој ќе има право да потпишува да има токен. За тоа ни требаше планот за вработување, сите имаме одговорност за фукционирањето на општината, политиката да ја оставиме настрана малку луѓе останавме, не можи одделението да функционира ги враќаме странките, нешто можи да се покрива со меѓуопштинската соработка, но има и таму работа, таа користи одмор, нема многу искуство, не дека не ни помогна,  ни помогна за овај период, но работата тешко оди. Запрена е постапката со турскиот инвеститор, нема такви овластувања, еве има заинтересиран за поплнување на ова работно место но немаме план.

*Прашање од советничката Марина Димитријовска*

-имавме барање да добиеме информација за сите донесени проекти и одлуки за инвестирање од кога сме избрани за советници, до каде е постапката, каде е завршено, каде се работи.

Градоначалникот Никола Најдовски се согласи барањето е на место општинската администрација ќе изготви таква информација за советниците. Советничката Сандра Пејковска додаде можи тоа како квартални или полугодишни извештаи да се изготвуваат, а Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна тоа беше заклучок од сите советници.

-Барање за улицата во  Сопотница

Градоначалникот Никола Најдовски објасни се чекаше да се изготви времен режим на сообраќај исто рокот на изведувачот е еден месец, треба да почнат крајниот рок е шест месеци. Ќе разговара со изведувачите кога ќе бидат спремни да почнат.

-за поставување решетки на каналот покрај улицата во Сопотница, барањето е од предходна година сега веќе и трева има

Градоначалникот Никола Најдовски одговори за ова е раговарано се изготвуваат решетките потребни се на повеќе места.

-за уредеувањето на просторот пред дом на култура „Илинден“ јавната набавка е на 1.450.000, а донесовме одлука на 1 милион

-во Обедник има реакција имало барање за осветлување кај албанските гробишта до каде е постапката

Градоначалникот Најдовски објасни цената на јавната набавка е со ДДВ затоа е 1.450.000, да нема сомнеж одделението за финансии беспрекорно си вршат работата, исто имаше реакции по социјалните мрежи и за уличното, од вработените беше правено истражување се постигна доста

пониска цена, информациите се достапни можи да се види нема потреба по социјалните мрежи да се пишува.

*Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, истакна јавна личност е градоначалникот ќе има и пофалби и критики, а пото постави повеќе прашања*

-до каде е со канализацијата во Белче

-до каде се активностите со уредување на просторот кај домот на културата,

-каква е состојбата со СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар

-канализацијата под улица Битолска

-до каде е постапката со подготовките за изградба на храмот „Св.Кирил и Методиј“ во Демир Хисар

-за пешачката патека на „Веле Марков“

Градоначалникот Никола Најдовски на поствените прашања одговори

За храмот по стариот ДУП има маркица од 16х20местри, можи да се пристапи кон отуѓување на земјиштето. МПЦ прво треба да го купи земјиштето, разговарано е со отец Серафим тие бараат маркицата да биди 28х28 но проблемот пак е во одделението за урбанизам без архитект ништо не можи да се сработи

Во СОУ „Крсте П. Мисирков“ одземени ми се ингеренциите од месец ноември 2022 до ноември 2023, незнам што се случува добивме записник од министерство со кој се потврдува дека сум бил во право, има два документи тотатлно различни, имаше оглас за вработување јас бев прескокнат, одземени ми се ингеренциите само за именување на директор, а не се за друго, има оглас нема право да вработува нема план за 2023 има постапка пред суд и незнам што се случува истакна градоначалникот.

За активностите пред Домот на културата се гледа моментално се работи, изгледа добро, имаше мал проблем со набвка на плочките се среди тоа рок имаат уште ќе се заврши.

Тротоарот е при крај имаше некој барања се усогласија добро е, имавме средба со надзорот имаше некој забелешки е укажано корегирано, мораше да се прилагоди со постоечката состојба.

Ссе работи уште на две улици во Слече е при крај за асвалтирање е, во Света ќе се асвалтира, ќе се греби асфалт и ќе се тури слој.

За пешачката патека на ул.Веле Марков таму е на приватни парцели ако има согласност од луѓето можи да се направи

Во Белче имаше проблем со експропријацијата некои почнаа судски постапки со цел да извлечат повеќе средства, тоа ја застана работата има уште седум кој треба да се решат.

Канализацијата под улица Битолска се направи мерење на терен спремна е за употреба треба да се направат приклучоци, кабелот за улично кај Бојаџиев е набавен уште бандери ќе се пушти.

Советничката Сандра Пејковска праша за Слепче еден мал дел од спореден пат до каде е со изградбата.

Градоначалникот Најдовски одговори ќе се направи и тој дел

***ТОЧКА 4. Советнички прашања до директорите на општинските институции***

***Прашања до директорот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

*Советничката Сандра Пејковска*

-дали има можност да се исчисти патот до манастирот во Доленци, има скршени цевки да се заменат незнам колкава интервенција е тоа и што значи тоа за јавното претпријатие колку е голем зафатот ако има можност да се направи. Исто за Прибилци дали е искосено.

Директорот Гоце Мицковски објасни имаше од Доленци едно барање за гребен асфалт пред црквата се постапи по тоа, ние функционираме на принцип барањето е до општината од таму добиваме налог и постапуваме. Ако има барање и добиеме налог ќе постапиме, а за цевките за пропустите треба да се види. Имаше две косења за Прибилци постапено е.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски го запозна директорот во Журче има потреба од уредување на средселото за празникот „Илинден“ да се искоси влезот на селото да се постави рефлектор кај спорско игралиште ќе достави барање до општината

***Советникот Аце Јанкуловски***

-имаше доставено барање за санација на патот до Црквата тоа е околу 300 метри
Директорот Мицковски објасни се планира тампонирање во блиска иднина точно кога ќе се работи таму не може да каже.
Претседателот на Советот Љупчо Најдовски пристапи кон поставување на прашања до директорите на училиштата
-како заврши учебната година, како е состојбата со запишување на првачиња и проблеми со кои се соочуваат училиштата
За ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар истакна на барање на МЗ Журче се одобрија 60.000 денари за санација на ѕидот кај училиштето, со помош на жителите од ова населено место се санира, забелешка зошто не учествуваше и хигиеничарот од ова училиште да помогни. Бидејќи санацијата беше со доброволна акција овие средства се пренасочија за изработка на капела во Журче.
Советничката Марина Димитријовска праша дали има подрачни училишта каде постои опаност од нивно затворање поради намален број на ученици

Директорката на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар Валентина Димовска во своето излагање истакна годинава учебната година заврши на 14.06.2023 поради новиот календар и продолжување на зимскиот распуст. Тековните работи се одвиваат по планот сведителства учениците ќе добијат навреме, советот ќе добие извештај за работата на училиштето. Учебната година е завршија 364 ученици, од кои деветто одделение завршија 44, а 38 првачиња се запишаа. Првачиња нема запишано само во Единаковци тоа училиште има најмал број на ученици. Одлуката која беше донесена за забрана за користење на мобилни телефони беше презентирана пред колективот треба да се изготви правилник се формираа тимови кои ќе работат на таа проблематика со почетокот на училишната година ќе се применува и тоа. За забелешката за активно вклучување на хигиеничарот во Журче за работа на санација на ѕидот, дојде до недорарзбирање, бидејќи очекувавла дека ќе се обратат да побараат кога треба да биди вклучен. Потоа додаде во моментот се врши варосување на просториите во училиштето тоа се работи со помош на вработените не се плаќа за мајстори. Проблем се скоро секогаш финансиите. Најголем дел од дотациите се за плата многу малку останува за другите обврски, се работи домаќински долгови немаме, нула денари кафани, нула денари службено возило се е сведено на минимум. Исто така ги запозна советниците за наредна седница ќе има барање да се даде согласност за користење на просториите во детската градинка за првачињата, прво сите бевме малку скептици како тоа ќе се прифати, но успешно се заврши сите се задоволни додека има потреба ќе можи да се користи.
ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван
Директорката Андријана Наумовска истакна учебната година заврши успешно, просекот на учениците е добар, проблем е тоа што има малку ученици само 5 првачиња, 4 Сопотница, 1 Жван во Доленци нема прваче. Финансиски стабилно нема долгови се санира една училница и ходник.
ООУ „Даме Груев" Смилево
Директорката Мирјана Кондинска објасни ова училиште учебната година ја заврши со 33 ученици има подрачно училиште во Обедник со три паралелки 2 на албасни јазик и една на македонски јазик, македонската паралелка има 1 ученик нема првачиња, има 19 паралелки 3 македонски и 16 албански. Нема финансиски проблеми, проблем е малиот број на ученици.
Дом на култура „Илинден" Демир Хисар
Директорот Славче Велјановски ги запозна советниците за активностите кои ги планира Домот на културата, потоа додаде ќе учествуваат на настанот во Журче по повод празникот Илинден и коњаницата. Од страна на советниците немаше прашања.
ЈП Дехи Транс Демир Хисар
Претседател на Совет Љупчо Најдовски упати забелешка до ЈП Дехи Транс Демир Хисар зошто се пуштени комбињата да возат кога не е донесена одлуката на Совет. Исто така забелешка имаше како се определени релациите и има реакции зошто не се опфатени сите населени места важни се сите граѓани и еден жител да има треба да има превоз како и за сите други.

Директорот Александар Чорбевски објасни во почетокот се размислуваше општината да го финансисра превозот, но по направената анализа се утврди дека јавното претпријатие има доволно средства да го покрива бесплатниот превоз, бидејќи се сопствени средства со одлуката од управниот одбор можи да се врши превозот, но добро е да се добие и друго мислење. Идејата беше да се овозможи превоз на жителите од местата кој се отсечени немаат никаков превоз затоа се планираше Вирово-Демир Хисар-Вирово едната релација, Смилево-Демир Хисар-Смилево другата релација и Света-Демир Хисар-Света. Некои населени места се опфатени со други линии нема потреба, исто и таму каде има лоша патна инфраструктура нема да се вози, комбињата се за превоз на ученици нема да дозволиме да се оштетат. Ако има реална потреба има простор можи да се опфатат и други места, или можи со најава на некои населени места каде има мал број на жители еднаш во месецот до местото каде има добар пат да се пуштат комбињата. Советничката Марина Димитријовска додаде ако има реакција од некое населено место да му се овозможи и нив превоз, а советникот Валентин Насторовски додаде ова се е во ред само да се запазува постапката прво да се донеси одлуката на Совет после да се пуштат комбињата да возат. Претседателот на Советот Најдовски се согласи реакции има и треба кон сите граѓани еднакво да се однесуваме и еднакви услови да му обезбедиме. Домаќински да се работи да се внимава, средствата да се насочат каде има потреба, реално има потреба од вработување за непречено функционирање. Каде има потреба да се пушти комбе, има општината двајца возачи можи да помогни.
ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар
Директорката Андријана Цветковска истакна има запишано 111 деца во пет групи, добро е има деца запишани, но финансиска состојба е лоша дотацијата која ја добиваме доволна е само за плата, освен приходите за престој други средства нема. Приходите се многу мали цените на храната се порастени повеќекратно, а износот за престој е исти, не се доволно средствата да се обезбеди храна, каде е греењето, имаме и обврски. Баравме од министерството за зголемување на дотацијата не добивме одговор. Советничката Сандра Пејковска предложи да се актуелизира повеќе состојбата, ако треба и во јавност да се каже неможи така да се однесува министерството. Потоа додаде да се разгледа можноста да се наплаќа целосен престој како што се практикува по другите детски градинки. Ако има договор склучено се плаќа партиципација за цел месец, ако е за дневен престој тоа е друго. Директорката Андријана Цветковска објасни разговарано е со пратеничката Марија Кочовска да разговара со министерството да ни излезат во пресрет немаат слух за проблемите, министерството не извести управниот одбор да донеси одлука да се зголеми надоместокот за престој. Се правеа анализи и за тоа и на 2000 да се зголеми нема многу да се добие. Со овај износ кој се плкаќа доаѓа по 60 денари дневно по дете тоа се многу малку средства, трошоците се големи. Исто така имало и задолжение од санитарниот инспектор за санирање на подот што се дополнителни трошоци за детската градинка. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се разгледа можноста ако е законски нека се достави барање до Советот ќе разгледа да се зголеми надоместокот колку тоа ќе помогне. Директорот Гоце Мицковски во насока на дискусијата додаде репер колку кошта престој во детска градинка се приватните градинки, предлогот за зголемување на износот за престој на децата ако го намали бројот на децата ништо не се добило. Советникот Јордан Кромидаровски праша како планираат да ги подмират долговите. Директорката Цветковска одговори нема начин со нивни средства. На ова директорот Мицковски додаде кога се формираат буџетите се планираат средства за плата и средства за материјални трошоци, комуналии греење, овде нема средства за плата. Дискусијата беше исцрпена.

***ТОЧКА 5. Усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 година***

Финансискиот извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За финансискиот извештај објаснување имаше директорот Гоце Мицковски. Дискусија немаше. Со 6 „за“ 3 „воздржани“ извештајот беше усвоен.

***ТОЧКА 6. Решение за разрешување и именување на членови во УО на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

За решението за разрешување и именување на членови во УО на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи оваа точка да се одложи за наредна седница.

***ТОЧКА 7. Разгледување на можностите и условите за селекција на отпад (пластика)***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски побара информација од директорот на ЈКП „Комуналец“ дали се спремни да се селектира отпадот, предходно имаше машина со која се пресоваа шишињата, дали истата е во функција, и не само пластика исто и хартија, стакло. Советничката Сандра Пејковска додаде дали се спремни граѓаните за селекција на отпад. Директорот Гоце Мицковски објасни има региони кои вршат селекција и преработка на отпад, преса имаме е во функција, но таа е дополнителен трошок и бара ресурси. Селектирањето на отпад е добра работа, но ние не сме во можност бидејќи немаме доволно работници исто и собирањето на селектиран смет бара повеќе возила. Се разгледуваше тоа повеќе време не само селекција на различен вид отпад треба и по боја да се селектира немаме можност тоа да го правиме. Има повеќе начини на селектирање на отпадот, нас ни одговара да се селектира, бидејќи се пали депонијата. Се разговара за регионална депонија, ако се успее да се реализира тој проект ќе мора и да се селектира отпадот тоа за сите ќе биде добро.

***ТОЧКА 8. Давање согласност на Годишен план за вработување на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2024 година***

За Годишниот план за вработување на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2024 година објаснување имаше директорот на домот на културата Славче Велјановски. Законска обврска е да се поднесе план за вработување, потоа го доставуваме до министерството за културата. Се планира пополнување на едно испразнето работно место. Советничката Марина Димитријовска забележа рокот за планот за наредна година е до септември. Директорот Славчо Велјановски објасни до 31 август, но го доставивме сега. Дискусија повеќе немаше. За донесување на планот гласаа 5 „за“, 4 „против“ 1 „воздржан“.

***ТОЧКА 9. Давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2024 година***

За Годишниот план за вработување на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар за 2024 година објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Планот е за 2024 година се планира пополнување на две работни места еден возач, бидејќи нема замена, возачите имаат по 400 прекувремени работни часа. Исто и едно лице за администраивни работи засега има само еден вработен кој ги врши сите работи. Дискусија немаше. За донесување на планот гласаа 4 „за“, 4„против“ 2 „воздржани“ .

***ТОЧКА 10. Давање согласност на Одлука за воведување на бесплатен превоз на територијата на општина Демир Хисар***

За Одлуката за воведување на бесплатен превоз на територијата на општина Демир Хисар објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Советничката Сандра Пејковска истака сега нека почнат да возат вака како што имаат планирани релации, зависно од реакциите на населението па ќе се излези во пресрет. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна нема да даде подршка за одлуката од причина што со овие релации не се опфатени сите населени места, сите граѓани се еднакви и треба сите да се опфатени, исто пред одлука на совет се пушти превозот. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 9 „за“ 1 „воздржан“.

***ТОЧКА 10. Одлука за изработка на проектна документација за регулација на дел од речно корито во Сопотница***

За Одлуката за изработка на проектна документација за регулација на дел од речно корито во Сопотница, како и наредните две одлуки за Журче и Обедник Претседателот на Советот Љупчо најдовски објасни овие инвестиции се направени во периодот 2005-2009 кога тој беше градоначалник останат се мал дел за дозавршување. Од тие причини предложени се да се донеси одлука за изработка на проектна документација да се дозавршат. Советничката Марина Димитријовска објасни во

Сопотница останати се уште околу 300 местри. Дискусија немаше. Едногласно од приеутните со 10 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 11. Одлука за изработка на проектна документација за регулација на дел од речно корито во Журче***

За Одлуката за изработка на проектна документација за регулација на дел од речно корито во Журче немаше дискусија. Со 10 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 12. Одлука за изработка на проектна документација за регулација на дел од речно корито во Обедник***

За Одлуката за изработка на проектна документација за регулација на дел од речно корито во Обедник немаше дискусија. Со 10 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 13. Одлука за давање на користење просторија сопственост на општина Демир Хисар на ОО „Црвен крст“ Демир Хисар***

Во врска со Одлуката за давање на користење просторија сопственост на општина Демир Хисар на ОО „Црвен крст“ Демир Хисар објаснување имаше претседателот на Советот има поднесено барање имаат потреба за просторија за состаноци додека трае проектот. Не е проблем да се користи просторијата од Советот. Забелешки немаше. Со 10 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 14. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот ги извести советниците до Советот има поднесено неколку барања

Група граѓани од с.Бабино

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни граѓаните бараат метална или дрвена подлога за мост на мала река во селото. Со 10 „за“ беше одобрено барањето.

Група граѓани од Сопотница бараат да се приклучат на фекалната канализација

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се задолжи ЈКП „Комуналец“ да обезбеди услови за приклучок да постават цефки. Едногласно со 9 „за“ беше одобрено барањето.

МЗ Растојца

Месната заедница од с.Растојца бара општината да да му обезбеди машина за уредување на дел од патот, преку спонзорства имаат обезбедено тампонирање и асвалтирање на патот. Исто така во барањето беше наведено дека има доставено проект за пат во општината. Со 9 „за“ беше одобрено барањето за машината за ископ, а за делот за проектот да се обрата до службите на општината.

МЗ Журче

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците месната заедница бара поставување на рефлектор кај задружниот дом во Журче. Едногласно се одлучи да му се одобри барањето.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги извести советниците има барање од жители во Обедник да му се одобрат средства за џамијата би било добро да се одобрат 30.000. Советничката Сандра Пејковска додаде да поднесат барање не е проблем ќе се одобрат.

Дискусија повеќе немаше.

Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр.17- 730/2<br>
20.07.2023 година<br>
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар<br>
Претседател,<br>
Љупчо Најдовски с.р.